# Зголемување на учеството на жените во процесите на креирање политики на локално ниво:

# Прирачник за граѓански организации

КОНСАЛТИНГ ЗА СТРАТЕШКИ РАЗВОЈ,
АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА

Кристина Хаџи-Василева
Марија Савовска

Оваа публикација е изработена во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Печатењето на оваа публикација е овозможено преку проектот на UN Women „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – Сида.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации. Наведените граници и имиња како и ознаките користени на мапите од овој извештај не претполагаат официјална потврда или прифаќање од страна на Обединетите нации.

UN WOMEN

# СОДРЖИНА


**1. Вовед** **7**

**2. Граѓанско учество – што е тоа?** **11**

2.1. Жените и локалното граѓанско учество 12

2.2. Улогата на граѓанските организации во промоција на граѓанското учество на жените 15

**3. Законски утврдени можности за локално граѓанско учество на жените** **19**

3.1. Референдум 20

3.2. Граѓанска иницијатива 21

3.3. Собир на граѓани/ки 21

3.4. Претставки/предлози 22

3.5. Јавни трибини 23

3.6. Анкети 23

3.7. Други можности за граѓанско учество 23

3.7.1. Седници на совет 24

3.7.2. Месна самоуправа 24

3.7.3. Форуми во заедницата 25

**4. Анализа на вклученоста на жените** **29**

**5. Резултати** **32**

5.1. Клучни предизвици за граѓанското учество на жените на локално ниво 32

5.1.1. Фактори што влијаат на учеството на жените 32

5.2. Како ГО соработуваат со жените и со ЕЛС? 34

**6. Предлози** **39**

6.1. Предлог-пристап/Стратегија за надминување на предизвиците 39

6.2. Кои се чекорите за успешна теренска работа? 42

6.2.1. План за теренска акција 43

6.3. Методолошки пристапи за теренски опфат 45

6.3.1. Теренски информативно-едукативни кампањи 46

6.3.2. Партиципативно истражување 48

6.3.3. Градење мрежи за поддршка 51

6.3.4. Мобилизација за застапување 53

**7. Користена литература** **57**

**8. Анекси** **61**

8.1. Образец за план за теренска акција (Дел 1) 61

8.2. Образец за план за теренска акција (Дел 2) 61

# ВОВЕД

# 1.






Петиција организирана од НВО Национален совет за родова рамноправност, преку која се бара зголемување на капацитетите за државни установи за згрижување на стари лица.

Настанот беше дел од локалните родово-сензитивни буџетски акции, организирани од Консалтинг за стратешки развој и Акција Здруженска и локалните партнерски невладини организации во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија", финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Скопје, мај 2016

Фотографија: UN Women

# 1. ВОВЕД

Овој прирачник е наменет за граѓанските организации што работат на подобрување на положбата на жените и мажите во општеството и градење демократски институции преку кои жените и мажите ќе ги остваруваат своите права.

Целта на прирачникот е да им понуди на граѓанските организации насоки за дејствување со цел поголемо вклучување на жените во креирањето на јавните политики на локално ниво и зголемување на нивното влијание во заедницата.

Тематски документот се обидува, на јасен и едноставен начин, да им го претстави на организациите долгорочниот можен стратешки пристап за мобилизација на жените преку поттикнување на нивното учество во креирањето на јавните политики на локално ниво и можноста јавно да ги изнесат своите проблеми и потреби. Прирачникот се фокусира на стратегиите за мобилизација и зајакнување на жените во различни средини, чија цел е поголема информираност, вклучување и активен придонес на жените во заедницата. Предложениот пристап, односно приоритетите за дејствување, методите и алатките што граѓанските организации можат да ги користат се развиени врз основа на спроведена проценка на предизвиците со кои се соочуваат жените и нивната мотивација за поголемо учество во процесите на планирање и донесување одлуки во заедницата. Прирачникот, исто така, содржи проценка на тековната пракса на интеракција на локалните организации со жените од заедницата и со локалната самоуправа, како и законските можности кои локалните организации и жените можат да ги користат за зголемување на граѓанското учеството.

Покрај тоа, во овој прирачник се пренесени искуствата, научените лекции и препораките од акциите за широк теренски опфат на жени, реализирани од локалните организации, со цел идентификација на оние кои се најделотворни за различни локални контексти и целни групи. Овие искуства локалните организации можат да ги приспособуваат и користат како континуирани активности за различни тематски прашања согласно нивните човечки и финансиски капацитети.

Прирачникот е развиен како дел од иницијативата за „Развој на стратегии за зголемување на вклученоста на жените на локално ниво“ поддржан од UN Women во рамки на регионалниот проект за Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа. Истиот е резултат на соработката со 9 граѓански организации: Една може! - Скопје, Национален совет за родова рамноправност, ГИЖ Свети Николе, Ехо - Штип, Клеа - Битола, Женски форум - Тетово, Радика Де - Дебар, Центар за образование и развој - Скопје и Организација на жени - Струмица, кои работеа и тестираа дел од предложените модели наведени во овој прирачник во 10 општини во Република Северна Македонија (Аеродром, Битола, Боговиње, Град Скопје, Ѓорче Петров, Маврово-Ростуше, Свети Николе, Струмица, Тетово, Штип).

Се надеваме дека оваа публикација ќе им помогне граѓанските организации во практичната реализација на активности што имаат за цел мобилизација и активно учество на жените во донесувањето одлуки од важност за нив и за заедницата.

# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО – ШТО Е ТОА?



2.

Скопје, мај 2016 Фотографија: UN Women






# 2. ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО – ШТО Е ТОА?

Современиот, демократски концепт на активно граѓанско учество очекува граѓаните/ките будно да ја следат работата на нивните избрани претставници и постојано да се вклучуваат во развивањето на локалните политики, не само да реагираат на нив откако ќе бидат донесени.

Па така, сега граѓанското учество се разбира како секоја активност со која граѓаните активно се вклучуваат во процесот на донесување јавни одлуки и така влијаат врз квалитетот на својот живот и животот на своите сограѓани/ки. Граѓанското учество го добива својот вистински облик и ефект кога граѓаните/ките се здружуваат со цел да се информираат и разговараат за проблемите на својата заедница и како резултат нудат потенцијални решенија за креирањето на политики.

Во овој контекст треба да се земе предвид пристапот на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД)[1] кој предвидува три различни нивоа на соработка помеѓу граѓаните/ките и властите при креирањето јавни политики:

- Пристап до информации - прво и основно право на кое се заснова целиот процес на партиципативност. Ова е еднонасочен процес каде информацијата е споделена од властите кон граѓаните. Ваквиот вид интеракција овозможува пасивен пристап до информациите по барање на граѓаните/ките и активни мерки на властите да ги дистрибуираат информациите до граѓаните/ките (пр. барање за официјални документи, службен весник, интернет-страници на властите).
- Консултација - двонасочна врска во која властите ги повикуваат граѓаните/ките да дадат повратна информација за одреден документ преку искажување на своето мислење, коментари и гледишта. Ова е реактивен начин на учество - јавноста се инволвира по барање на власта (пр. коментари за нацрт-закон или законски предлози).

1 Citizens As Partners: OECD Handbook on Information, Consultation and Public Participation in Policy-Making, drafted by Marc Gramberger, OECD 2001.

- Активно учество/партнерство - повисоко ниво на двонасочна комуникација во која граѓаните/ките активно се вклучуваат во предлагањето алтернативни решенија и во оформувањето на политичкиот дијалог. Може да се опише како ситуација во која претставниците на јавноста седат на иста маса со органите на државната управа (пр. стратешко партнерство, членство во работни групи).

За да се исполни третото ниво, односно партнерската соработка, треба најпрвин да се изгради тој партнерски однос, однос на заемна доверба меѓу граѓаните/ките и локалната власт.

Двонасочната комуникација претпоставува постоење на две страни:

- одговорна власт (локална), која е заинтересирана, ги охрабрува и мотивира своите сограѓани/ки за активно вклучување, и
- активни граѓани/ки, со развиена политичка култура, познавања на процесите/процедурите, правата и кои се конструктивни во својот пристап.

Ова претставува пристап на социјална вклученост (social accountability) кој гради отчетност што се потпира на граѓански ангажман (јавна побарувачка). Основното верување на овој концепт е дека граѓаните/ките се одговорни за условите во кои живеат. Преку овој концепт се гради способноста на заедницата (граѓаните/ките) да ги следи и „дисциплинира" јавните власти и давателите на услуги. На овој начин се бара една комплексна социјална промена при што граѓаните/ките од корисници и избирачи се претвораат во креатори и обликувачи, односно од пасивни учесници кон чинители во процесот на донесување јавни политики. Така, тие наместо од перспектива на мерка/проект настапуваат од перспектива на свесност за целината на политиките на, во овој случај, локалната самоуправа. Граѓаните/ките, од вклучени во процесот, се преобликуваат во спроведувачи и набљудувачи/оценувачи на политиките.

## 2.1. Жените и локалното граѓанско учество

Учеството во локалното управување и одлучување означува дека жените и мажите не се само физички присутни туку дејствуваат како чинители со потенцијал да го наметнат своето влијание. Учеството на жените во овие процеси е клучно за постигнување општествени и економски промени.

За да можат жените со самодоверба да го изнесат своето мислење и да влијаат на квалитетот на управување и донесување одлуки во нивните

заедници, неопходно е да се работи на нивно зајакнување. Во таа насока, зајакнувањето на жените треба да се спроведува на повеќе нивоа (пристап до информации, стекнување знаење и вештини за влијание врз процесите на донесување одлуки на локално ниво, развивање самодоверба за преговарање, артикулирање на своите потреби, како и потребите на другите во слична ситуација) притоа земајќи ги предвид различните нивоа на нееднакви односи на моќ помеѓу жените и мажите. Барањата за еднакви права и можности во поглед на донесувањето одлуки честопати се сфаќаат како закана бидејќи ги предизикуваат привилегиите и постоечките односи на моќ во едно општество. За среќа, овие односи на моќ можат да се променат и оттука се црпи основата за работа со жените во насока на нивно зајакнување и зголемено вклучување во донесувањето одлуки, односно споделување на моќта.

Кога станува збор за учеството на жените во локалните процеси на одлучување, секогаш треба да се има предвид комплексноста на родовите односи и нивно поместување од вообичаеното сфаќање како машко-женски односи. Во спротивно, се губи можноста да се увидат односите во рамките на истиот пол (жени наспрема жени во семејството и на работното место) и различни односи (постари браќа наспрема помлади сестри, жена раководител наспрема маж вработен).

Во таа насока, практично, прашањето за учеството на жените во процесите на донесување одлуки има неколку предизвици:

- присуство,
- гласност,
- влијание.

Првиот чекор е приоретизирање на практичните потреби на жените и обезбедување на нивно присуство во процесите кои веќе се користат за решавање клучни прашања во заедницата. Тука предизвикот е дека жените треба да се оттргнат од своите веќе формирани секојдневни навики и обврски и да пристапат до место кое не е пријателски насочено кон нив.

Откако ќе се успее во напорите тие да бидат присутни таму каде што вообичаено се донесуваат одлуките, треба да се обезбедат можности тие да ги искажат своите ставови и потреби по прашањата што се диксутираат или, што е уште поголем предизвик, да ги стават на дневен ред прашањата што воопшто не се дискутираат, а директно ги засегаат.

Најголем предизвик е, откако жените ќе се охрабрат и ќе почнат да се залагаат за одредени решенија, да успеат да ги наметнат и да имаат резултат од нив.

Особено е важно ова да се земе предвид, бидејќи праксата покажува дека родовата нееднаквост се одразува и во структурите на заедницата кои се создаваат со цел влијание и подобрување на условите.

Родот и учеството треба да се гледаат преку неколку аспекти. Еден од аспектите е дека кога зборуваме за жените и нивното учество во процесот на донесување одлуки треба да внимаваме да не ги подредиме нивните потреби кон тие на заедницата, маскирајќи ги на тој начин нивните различни искуства и потреби со тие на пошироката група.

Втор важен аспект е регулирање на улогата на оние (поединци, организации, експерти) кои ги развиваат моделите на учество со цел да се спречи наметнување форми и алатки што се несоодветни и неспроведливи и што нема да дадат ефект. Идејата е партиципативните процеси да се прават „со" и „од" луѓето, а не „за" луѓето.

Од друга страна, за да биде ефективно и значајно (содржајно) учеството на жените, локалната самоуправа треба да го поддржува и да го поттикнува истото. Согласно нивната правна поставеност, единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) се најблиску до граѓаните/ките и имаат посебна одговорност за унапредување на родовата еднаквост земајќи предвид дека нивните политики и мерки директно влијаат на условите за живот на жените и мажите. ЕЛС треба да обезбедат исполнување на правата и слободите на жените и мажите, да го заштитат нивното достоинство како човечки битија и да овозможат економска и општествена сигурност и еднакви можности без оглед на расата, класата, полот и националноста. Во овој контекст, родовата еднаквост е прашање на човекови права, клучен услов за постигнување ефикасна демократија, прашање на социјална правда во смисла на подобрување на вработеноста на жените, нивното образование, работни услови и социјална заштита и прашање на општествен и економски развој. Затоа ЕЛС имаат суштинска улога во промовирањето на учеството на жените и мажите во процесите на донесување одлуки и обезбедувањето социјална, економска и политичка правда за сите граѓани/ки во заедницата.

Понатаму, вклучувањето на граѓаните/ките во донесувањето одлуки на локално ниво е тесно поврзано со децентрализацијата. Успешната децентрализација бара висок степен на учество на локалната заедница (вклучувајќи подеднакво и жени и мажи) во овие процеси. Доколку општините воспостават ефективна комуникација со жените и мажите, тие ќе

бидат во можност да ги слушнат нивните идеи и препораки за да ги задоволат нивните различни потреби. Затоа комуникацијата меѓу локалните власти и граѓаните/ките треба да се спроведува преку институционални механизми кои може да бидат сменети и подобрени. Учеството во процесите на донесување одлуки обезбедува можност за граѓаните/ките да се вклучат и да влијаат во решавањето на прашањата важни за нивниот секојдневен живот, додека за локалните власти тоа е можност да обезбедат поддршка за нивните идеи и да стекнат нови иновативни начини за решавање на проблемите.

## 2.2. Улогата на граѓанските организации во промоција на граѓанското учество на жените

Интервенциите на граѓанските организации се организираат околу 3 пристапи:

- **Транспарентност и информации (вклучувајќи и транспарентност на буџетот) што претставува основа за градење отчетност .**

Целта е информирање на граѓаните/ките за правата, можностите, правилата, регулативата и донесените одлуки.

Алатки што можат да се користат се: информативни кампањи, јавно известување за трошоците, граѓански повелби, сервисни центри и сл.

- **Вклученост – консултации**

Целта е прибирање информации за потребите на граѓаните/ките, како и нивни сугестии и мислења при планирање и спроведување програми/проекти и јавни финансии.

Алатките што можат да се користат се: јавни расправи, фокус-групи, советодавни тела/групи, форуми, членство во тела и сл.

- **Отчетност**

Целта е независно следење и оценка на перформансите на властите (релевантност, ефикасност и ефекти од програми, мерки, трошења и сл.).

Алатки што можат да се користат се: буџетски мониторинг, социјална ревизија[2], мониторинг на заедницата (картички за оценка), анкети за мерење на задоволството, граѓански суд и сл.

За да може жените да се вклучат или да иницираат вакви процеси, потребно е тие да бидат зајакнати. Зајакнувањето е процес кој резултира со способност да се воспостави контрола над сопствениот живот, на индивидуално ниво или на ниво на заедница (група индивидуи кои споделуваат заеднички идентитети, интереси) , со што се овозможува стекнување на:

- Моќ за донесување информирани одлуки,
- Моќ да се биде сослушан/-а,
- Моќ да се стават работите на дневен ред,
- Моќ за преговарање на нови теми,
- Моќ во нас самите за преиспитување на традиционалните уверувања.

Колективните димензии на зајакнувањето тргнуваат од претпоставката дека жените самите се средство и „сопственици" на промената, која нужно е социјална или политичка[3], додека надворешните чинители се катализатори, олеснувачи или поддржувачи. Притоа, се очекува дека тие што имаат моќ ќе ја споделат со оние што ја немаат. Зајакнувањето претпоставува и вопоставување комуникација која поттикнува знаење, свесност, разбирање, критичко размислување, заедништво, консензус и свесност/чувствителност за разликите (родови, класни и други разлики кои се основа за привилегија или ограничување, исклучување, потчинување). Она што се поставува како клучно прашање кога се зборува за зајакнувањето, со цел да се изберат и соодветните методи е: кои поединци и кои заедници се зајакнуваат? Дали се тоа жените од руралните средини, Ромките во една општина, жените од една месна заедница, образованите жени од една општина итн.

2 Социјалната ревизија се заснова на учество на граѓаните преку кое директно или индректно тие бараат отчет од носителите на одлуки – Светска Банка, достапно на: https://saeguide.worldbank.org/glossary-social-accountability-tools-and-approaches и http://siteresources.worldbank.org/PUBLICSECTORANDGOVERNANCE/Resources/285741-1233946247437/21SAToolsSourcebook.pdf

3 "Introduction: Connecting Perspectives on Women's Empowerment", editors Deepta Chopra and Catherine Müller, Transforming development knowledge, IDS Bulletin, Volume 46, Number 1A, March 2016.

# ЗАКОНСКИ УТВРДЕНИ МОЖНОСТИ ЗА ЛОКАЛНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ



3.




Жените од дебарскиот регион присуствуваат на средба за промоција и продажба на нивните рачно изработени производи и продукти.

Настанот беше дел од локалните родово-сензитивни буџетски акции, организирани од Консалтинг за стратешки развој и Акција Здруженска и локалните партнерски невладини организации во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија", финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Дебарски бањи, април 2017.

Фотографија: UN Women



# 3. ЗАКОНСКИ УТВРДЕНИ МОЖНОСТИ ЗА ЛОКАЛНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ

Во согласност со член 2 од Уставот[4] на Република Северна Македонија, суверенитетот на државата произлегува од граѓаните/ките и им припаѓа на граѓаните/ките. Тие учествуваат во власта преку директно избрани пратеници/чки, преку референдум и други видови директно застапување. Покрај тоа, член 9 наведува дека сите граѓани/ки имаат еднакви права и слободи, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба. Генерално, Уставот ја овозможува основната рамка во која граѓаните/ките можат да ги артикулираат нивните права поврзани со слобода на изразување и влијание врз легислативата.

Со усвојувањето на Законот за локална самоуправа[5] во 2002 година, Македонија стана децентрализирана држава. Овој закон ги утврдува правните рамки за организација на системот на локална самоуправа во државата и ги нуди главните насоки за функционирање на нејзините единици. Со овој закон голем број надлежности беа префрлени од централно на локално ниво на власт.

Со процесот на децентрализација се зголемува бројот на надлежностите кои потпаѓаат под ингеренциите на локалната самоуправа со што, уште повеќе, се нагласува потребата од редовна консултација и комуникација со граѓаните/ките на теми и прашања од различен опфат. Локалните власти имаат ингеренции за урбанистичко планирање, заштита на животната средина, локален економски развој, комунални дејности, култура, социјална заштита и заштита на децата, образование, основна здравствена заштита,

4 Устав на Република Северна Македонија : со амандманите на Уставот I-XXXII, Службен весник, 2011.

5 Закон за локална самоуправа, Службен весник на Република Северна Македонија бр.5, 29 јануари 2002.

управување со кризи и противпожарна заштита. Овие одговорности повлекуваат потреба за создавање голем број јавни услуги во корист на граѓаните/ките со што комуникацијата помеѓу граѓаните/ките и општинските власти станува важно и неодложно прашање.

На располагање на жените се следниве форми за непосредно граѓанско учество пропишани од законот:

## 3.1. Референдум

Референдумот на локално ниво се распишува од страна на Советот, за прашања под негови ингеренции, на негова инцијатива или на барање од најмалку 20% од граѓаните на општината. Одлуката усвоена на референдумот е обврзувачка за советот.

Референдум на локално ниво може да се распише за донесување пониски правни акти, за прашања што треба да се уредат во општината, за преиспитување на акти на општината коишто претходно се донесни или за прашања што не се регулирани со правните акти[6]. Одлуките се сметаат за донесени ако се изгласани од мнозинството од вкупниот број граѓани/ки кои гласале, доколку повеќе од половината од вкупниот број граѓани/ки запишани во изводот од Избирачкиот список за општината излегле на гласање. Советот на општината е должен, во рок од 60 дена по објавувањето на резултатите од референдумот, да го уреди прашањето по кое се одлучувало на референдумот во согласност со резултатите од референдумот.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Голем број луѓе се изјаснуваат одеднаш за важно прашање во заедницата. | Обврската од 20% запишани избирачи да го иницираат. |
| Општината има обврска да ги почитува резултатите од референдумот. | Висок цензус (51% за) за успешност. |
| | Скапо бидејќи бара информирање на јавноста и поставување инфраструктура и ангажирање човечки ресурси. |
| | Сложена процедура за негово иницирање и спроведување. |

6 Габер-Дамјановска (2008) –Учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и закони во Република Северна Македонија , истражување, European Center for Not-for-Profit Law (ECNL), Скопје, 2008.

## 3.2. Граѓанска иницијатива

За да се покрене граѓанска иницијатива, потребно е да биде поддржана од најмалку 10% од гласачите на општината, односно од месната заедница која е засегната за прашањето. Потоа, советот на општината е должен да го разгледа предлогот во рок од 90 дена по покренувањето на иницијативата и да ги информира граѓаните/ките. Граѓанската иницијатива претставува облик на непосредно изјаснување на граѓаните/ките во одлучувањето, со покренување иницијативи пред Собранието и општинските совети. Граѓанската иницијатива може да се покрене за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија, предлагање за донесување закони и за распишување референдум на државно ниво. Исто така, може да се употреби и за донесување одредени акти на општините и распишување референдум на локално ниво.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Можност да се покрене решавање важно прашање во заедницата. | Обврската од 10% запишани избирачи да го иницираат |
| Општината има обврска во рок од 90 дена да се изјасни дали го прифаќа предлогот на граѓаните. | Скапо бидејќи бара информирање на јавноста и поставување инфраструктура и ангажирање човечки ресурси. |
| | Сложена процедура за негово иницирање и спроведување. |

## 3.3. Собир на граѓани/ки

Собирот на граѓани/ки го свикува градоначалникот на општината, по сопствена иницијатива, на барање на советот или на барање од најмалку 10% од граѓаните/ките, регистрирани во избирачкиот список на општината, односно на месната или урбана заедница за која е свикан собирот. Градоначалникот е должен да го свика собирот во рок од 30 дена по приемот на барањето. Органите на општината се должни во рок од 90 дена од денот на одржувањето на собирот да ги разгледаат заклучоците и да ги информираат граѓаните/ките за своите решенија. Граѓанските собири претставуваат облик на директно изјаснување на граѓаните/ките во одлучувањето за прашања од локално значење и прашања од значење за месната или урбаната заедница. Собирот на граѓани/ки се свикува заради изјаснување на граѓаните/ките за одделни прашања од значење

за месната или урбаната заедница и заради покренување иницијативи за решавање прашања од локално значење. На овие собири граѓаните/ките со живеалиште во таа област ги разгледуваат проблемите, заземаат ставови и подготвуваат предлози во однос на темите од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на општината или месната заедница.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Можност да се покрене решавање важно прашање во заедницата. | Обврската од 10% запишани избирачи да го иницираат |
| Општината има обврска во рок од 90 дена да се изјасни дали го прифаќа предлогот на граѓаните. | Скапо бидејќи бара информирање на јавноста и поставување инфраструктура и ангажирање човечки ресурси. |
| | Сложена процедура за негово иницирање и спроведување. |

## 3.4. Претставки/предлози

Секој/а граѓанин/ка има право, поединечно или заедно со другите, да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација. Во овој случај, градоначалникот/чката е должен/на да создаде услови за доставување претставки и предлози; да достави образложен одговор до подносителот најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставките и предлозите што не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Можност индивидуално или групно да се покрене решавање на некои прашања. | Општините не секогаш создаваат соодветни услови за доставување претставки и предлози. |
| Општината има обврска во рок од 60 дена да се изјасни дали го прифаќа предлогот, односно претставката на граѓаните/ките. | |
| Процедурата е едноставна. | |
| Доколку предлозите и претставките не се во надлежност на органите на општината, градоначалникот е должен да ги достави до соодветните органи. | |

## 3.5. Јавни трибини

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Можност јавно да се дискутира некоја важна тема со луѓе кои имаат познавање од темата. | Некогаш не постои јасна граница кој и за што ја организира јавната расправа. |
| Процедурата е едноставна. | Се слушаат потребите на граѓаните, но нема повратна информација какви ќе бидат резултатите од тоа. |
| | Зависно од тоа каде и како се организира, може да биде несоодветна за различни групи граѓани/ки. |
| | Односите на моќ во заедницата може да се рефлектираат и во јавната расправа што ќе спречи одредени групи граѓани/ки јавно да се изјаснат. |

## 3.6. Анкети

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Можност лесно и брзо да се искажат ставовите и мислењата за одредено прашање од интерес во заедницата. | Општината нема обврска да постапи по резултатите од анкетата. |
| Процедурата е едноставна. | Ако не е спроведена правилно, може да доведе до заблуда. |
| Може да се добијат родово разделени информации. | |

## 3.7. Други можности за граѓанско учество

Механизмите наведени во Законот се најпотребниот минимум за земање предвид на мислењата на граѓаните. На располагање на граѓаните/ките и граѓанските организации се низа други средства и начини кои тие можат да ги користат според потребата и можностите.

## 3.7.1. Седници на совет

Законот наложува седниците на советот да бидат јавни и да не се исклучува присуството на јавноста во дебатите за општинскиот буџет, годишните општински финансиски сметки и извештаи и за урбанистичките планови.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Седниците на совет се јавни. | Треба најава за да се присуствува. |
| Можност изворно да се слушне како се дискутира во советот на општината и како се донесуваат одлуки. | Граѓаните немаат право да учествуваат во гласањето. |
| Можност да се зборува и директно да се изнесе одреден проблем пред советниците и градоначалникот. | Материјалите за советот може да бидат нејасни или недостапни. |

## 3.7.2. Месна самоуправа

Законот за локална самоуправа пропишува и дека во општината можат да се основаат облици на месна самоуправа, како урбани заедници (во градовите) и месни заедници (во другите населени места). Граѓаните/ките можат да ги користат урбаните и месните заедници за разгледување прашања, заземање ставови и изготвување предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје. Исто така, можат и да учествуваат во изборот на совет на урбаната, односно месната заедница.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| По форма и локација се најблиску до граѓаните. | Недефиниран статус што влијае на нивната ефикасност. |
| Можност да се зборува и директно да се изнесе одреден проблем пред претседателот на месната/урбаната заедница. | Претседателите и членовите на советите во над 90% од случаите се мажи, па жените тешко се вклучуваат. |
| | Честопати се злоупотребени од политичките партии (претворени се во партиски штабови). |
| | Во руралните средини претседателите и членовите на советите на месните заедници често и самите не ги знаат алатките и начините за решавање на проблемите. |

### 3.7.3. Форуми во заедницата

Секоја општина може, во својот статут, да предложи други начини на непосредна граѓанска партиципативност, согласно со Уставот и овој Закон. Таков е примерот со статутите на 2/3 од општините во Република Северна Македонија кои вклучуваат „форуми во заедницата“ како еден од начините за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето.

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Овозможува партнество помеѓу граѓаните и локалните власти. | Претставува подолготраен процес. |
| Веќе постои одредена инфраструктура и пракса на користење. | Бара повеќе човечки и финансиски ресурси од општината. |
| Можност да се зборува и директно да се решава одреден проблем. | |

Дополнително, покрај законски пропишаните форми за учество, постои и друга, тековна пракса како можност за комуникација со локалните власти кои дел од општините ги користат :

- Отворени денови на градоначалникот
- Денови на идеи
- Економско-социјален совет
- Совет на млади
- Општински веб-сајтови
- Општински страници на Фејсбук
- Петиции
- Средби со општински советници
- Општински комисии - Комисија за еднакви можности на жените и мажите
- Куќни совети
- Директни ТВ-емисии.

За да може да се искористат погоренаведените методи на учество, добро е да се знае какви обврски за проактивно информирање имаат општинските власти.

Органите на општините, комисиите на советите на општините и јавните претпријатија и установи основани од општините треба да ги информираат граѓаните/ките за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните/ките во општините, како и за други информации од јавен интерес. Обврската за информирање се однесува на следново:

- сите акти кои ги донесуваат советите на општините,
- начинот и условите за остварување на нивните права,
- обврски на граѓаните/ките кои произлегуваат од надлежностите на ЕЛС,
- планови, проекти и програми кои се во подготовка,
- услуги кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање,
- приходите кои се остваруваат и начинот на нивна распределба и трошење,
- јавните набавки на основните средства за работа,
- именување директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училишта,
- други информации кои произлегуваат од надлежностите.

Граѓанските организации на располагање го имаат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[7] кој може да им помогне да добијат податоци кои општината одбива да ги сподели. Со Законот, организации и поединци можат да добијат информација во која било форма што ја создал и со која располага имателот на информации согласно со неговите надлежности. Иматели на информации се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон. Законот јасно ги пропишува процедурите и роковите, а како алатка е важен затоа што организациите можат да го искористат за добивање важни податоци кои ќе помогнат во утврдувањето на состојбата за одредено прашање.

7 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник бр. 13, 1 февруари 2006.

# АНАЛИЗА НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ЖЕНИТЕ

# 4.







Дебарски бањи, април 2017. Фотографија: UN Women





# 4. АНАЛИЗА НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ЖЕНИТЕ

Наодите за вклученоста на жените се засноваат врз резултатите од самооценката на деветте организации кои работеа во 10 општини и на резултатите од 20 фокус-групи во истите општини кои опфатија 252 жени. Самооценката се спроведе со прашалник на кој одговорија претставниците/чките од сите девет организации во врска со активностите кои тие ги спроведуваат за информирање и едукација на жените од заедницата, за консултации и мобилизација на жените за нивно поголемо вклучување во локалните процеси на одлучување како соработката на граѓанските организации со општините.

Со фокус-групите беа опфатени и жените кои се маргинализирани и/или во социјален ризик, како домаќинки, невработени, корисници на социјална помош, со посебни потреби, од различни етнички заедници, како и жените кои се препознаени во својата заедница како вработени, образовани, активистки, студентки, судијки, деловни жени и сл.

Врз основа на добиените информациите се разви и спроведе обука за градење капацитети на вклучените организации во рамките на која тие изготвија планови за мобилизација на жените во општините во кои работеа и се направи тестирање на дел од моделите кои се презентирани во овој прирачник, а со кои беа опфатени 1700 жени.

Џане Крешова, претседателка на НВО Женски форум од Тетово, зборува пред жените од Општина Шипковица, дискутирајќи за главните предизвици поврзани со инфраструктурата и слабата поврзаност на Општината со најблискиот град - Тетово, како и за последиците од големите поплави и можностите за вклучување на жените во процесите на одлучување.

Настанот беше дел од локалните родово-сензитивни буџетски акции, организирани од Консалтинг за стратешки развој и Акција Здруженска и локалните партнерски невладини организации во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија", финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Општина Шипковица, април, 2017 Фотографија: UN Women



# РЕЗУЛТАТИ



# 5.

# 5. РЕЗУЛТАТИ

## 5.1. Клучни предизвици за граѓанско учество на жените на локално ниво

Анализата на вклученоста на жените, генерално, покажува дека жените недоволно активно учествуваат во процесот на консултации и донесување одлуки. Оттука, насоките на стратешкиот пристап кон жените произлегуваат од неколку клучни предизвици кои се изведени од анализата на состојбите во поглед на мотивите за (не)учество на жените во локалните заедници и тековните капацитети и пракса на дејствување на граѓанските организации.

### 5.1.1. Фактори што влијаат на учеството на жените

- **Неинформираност и непознавање на работата на Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) и Граѓанските организации (ГО) и начините за учество**

Кај жените постои неинформираност или недоволна информираност за надлежностите и за клучните процеси и улогата на ЕЛС. Ова е особено видливо кај жените од руралните средини каде некои од жените се и физички ограничени во можноста да се информираат самите. Дури и во општините кај кои се забележува повисок степен на информирање, информациите не стасуваат до голем број жени. Поголемиот број жени се информираат од локалните медиуми и неформални контакти каде постои ризик дека информациите што ги добиваат се ограничени и „процесирани“ во контекст на дневнополитички теми. Дел од жените (од урбани средини, активни, вработени) се повеќе информирани, но не ги користат информациите за каков било ангажман ниту, пак, ги споделуваат на организиран начин. Мал број жени се информираат преку граѓанските здруженија. Загрижува тоа што најголем број од жените имаат многу малку информации и разбирање за работата на ГО. Дополнително, се забележува мало разбирање за тоа како нивните секојдневни проблеми се поврзани со обврските на ЕЛС. Оние жени кои се решаваат да побараат информации имаат проблем со идентификување каде, кому и како да се обратат.

- **Недоверба**

Кај најголем број од жените, без оглед на која социјална група припаѓаат, владее висок степен на недоверба кон ГО и општината и обесхрабреност за комуникација со нив. Тој висок степен на обесхрабреност се должи делумно на неуспешни обиди и/или претходни лоши искуства со ГО или со општината и апатија и незаинтересираност за каква било акција која би можела да ја смени, односно подобри нивната положба. Кај дел има и отпор за каква било комуникација или ангажман во заедницата. Кај најмаргинализираните групи жени во сите општини се забележува дури и степен на лутина, некаде очај, а кај мал дел и отпор. Не помалку важен е и стравот од санкција којшто ги спречува жените да се обидат артикулирано да постават барање. Кај дел од жените доминира перцепцијата дека локалните власти би го третирале поактивниот граѓански ангажман како „непријателски чин", што е засновано на искуствата кај дел од жените.

- **Не гледаат потреба од активирање**

Голем дел од жените се многу гласни во искажување на своите секојдневни проблеми, меѓутоа не се гледаат себеси како чинител во нивното решавање. Забележлив е синдромот на очекување некој друг да ги идентификува и реши проблемите (синдром „Да ми се даде", „Некој да нè организира") сеедно дали се очекува од ЕЛС или ГО. Личните интереси кај жените се доминантни и ретки се оние кои имаат свест дека нивните проблеми засегаат и поголема заедница жени. Ова веројатно се должи на сè помалата социјална интеракција помеѓу жените (особено кај тие во урбаните средини, иако е сè позабележиво и во руралните, што не било случај во минатото).

Особено забележлива е незаинтерисираноста, дури и одбивањето да се занимаваат со јавните финансии. Кај голем дел од нив се забележува ставот дека тие немаат право да се мешаат во процесите на планирање и одлуки за буџетот. Дел од најмаргинализираните жени јавните финансии ги гледаат како хуманитарна помош, веројатно поради тоа што најчесто комуницираат со ЕЛС заради основни потреби за преживување. Кај овие жени и перецепцијата за ГО е исклучиво како хуманитарни организации, што влијае на нивните очекувања за финансиска помош од здруженијата. Предизивкот за активирање на оваа група жени е поголем и бара подолгорочен ангажман и специјализиран пристап, согласно нивните специфични потреби за зајакнување.

- **Недостиг на самодоверба**

Кај мал дел од жените, без разлика дали живеат во урбани или рурални средини, се забележува интерес за поголем општествен ангажман. Во урбаните средини тоа се жени кои се повозрасни и кои биле порано општествено

ангажирани, но поради различни причини се повлекле, а кои имаат претходно искуство со иницирање прашања во заедницата и комуницирање со институциите за нивно решавање. Што се однесува до руралните средини, тоа се жени кои имаат свест за поширокат заедница и се активираат кога се соочуваат со некој исклучително горлив проблем во заедницата. Овој интерес и кај двете категории жени не е доволен за самоорганизирање и е условен од надворешен поттик. Овде не треба да се занемарат погоренаведените предизвици кои налагаат воспоставување односи на доверба, соработка и континуирана меѓусебна поддршка и стратешки пристап.

Кај жените кои се или би биле потенцијали целни групи за граѓанските организации преовладува висок степен на критичност (кон организациите, општината, градоначалникот), но низок степен на самокритичност.

## 5.2. Како ГО соработуваат со жените и со ЕЛС?

Погоренаведените предизвици на жените и недоволниот ангажман на локалните власти за влучување на жените се клучни за поттикнување на учеството. Оттука, важно е да се разгледаат предизвиците поврзани со постоечките капацитети на ГО и начинот на интеракција со жените во заедницата и локалните власти. Ова е важно поради нивниот потенцијал да го премостат јазот во интеракцијата како претпоставка за обезбедување двонасочна комуникација и соработка заради влијание на квалитетот на одлуките кои се носат во име на граѓанките.

- **Ограничен број и институционални капацитети на ГО**

Во моментов постојат ограничен број локални организации кои работат на полето на родовата еднаквост/правата на жените. Земајќи предвид дека овие организации имаат ограничени човечки и финансиски ресурси, тие главно се фокусираат кон проектно планирање што го ограничува нивниот капацитет за долгорочно и стратешко планирање. Исто така, поголемиот број организации имаат потешкотии да привлечат млад едуциран кадар делумно поради финансиските потешкотии, а делумно поради фокусирањето на активности засновани на постечкото знаење и капацитет. Дел од нив воопшто немаат постојан персонал туку својата работа ја темелат на повремен ангажман на членки кои се постојано професионално ангажирани во друга сфера. Како резултат, тие имаат потешкотии во развивање пристапи кои се адаптирани на потребите на нивните корснички ,што претставува предуслов за зголемување на базата на конституенти, а со тоа и зголемување на влијанието на самата организација во заедницата и пред локалната власт. Од друга страна, некои од ГО имаат потенцијал да ги зајакнат воспоставените врски со жените кои

се нивна целна група доколку се поддржани во одржувањето постојана комуникација, зголемување на поддршката на жените кои се утврдени како лидерки од локалните жени и нивно активно вклучување во партиципативно истражување, набљудување и застапување пред ЕЛС.

- **ГО немаат систематска пракса на комуникацијата со жените од заедницата**

Вообичаено интеракцијата на ГО со жените во заедницата во најголем дел се одвива во рамки на проектни активности. Тоа не е постојана, систематска, дологорочна и насочена стратегија на организациите која е во функција на програмирање и остварување на нивната мисија. Имено, поголемиот дел од организациите спроведуваат активности за комуникација со жените 2 до 4 пати годишно.

Граѓанските организации не разликуваат нивоа на комуникација и во таа насока користат исти методи /форми за остварување на трите основни цели на комуникацијата - информирање и едукација, консултации и мобилизација. Поголемиот дел од организациите спроведуваат активности за *информирање и едукација* заради поголемо вклучување на жените од заедницата. Најчесто користени форми за тоа се трибини и јавни настани, неформални контакти преку средби и телефонска комуникација, како и кампањи. Дел од нив користат обуки и социјални медиуми за истата намена. Интересно е што фокус-групите, анкетите и истражувањата се посочуваат како методи за информирање и едукација. Не се посочува вклученоста во функција на демократија како специфично прашање и не се користат механизми за вклучување на жените.

Дополнително, темите на кои тие ги едуцираат жените се малку и се најчесто поврзани со тековните проектни активности на организацијата или тековниот фокус. Најчести теми се економско јакнење, женски права како човекови права и родово-базирано насилство. Помал број ГО ги образуваат жените на други теми поврзани со демократија и транспарентност, социјално вклучување и воведување на родот во сите општествени текови преку родово одговорно буџетирање, на пример:

- **Ограничен опфат на жени**

Локалните ГО најмногу работат со ограничен профил на жени. Тоа се најчесто млади жени, невработени, активистки и вработени. Поретко, ГО вклучуваат рурални жени, жени од политички партии, деловни жени, а уште помалку вклучени се пензионерки, пасивни жени и оние кои доаѓаат од ранливи групи (жени со посебни потреби, сиромашни, социјални случаи, жртви на насилство итн.).

- **ГО немаат пракса на учество во процесите на донесување одлуки на ЕЛС**

Во моментов само неколку од организациите комуницираат редовно со своите локални самоуправи. Повеќето организации воопшто не биле вклучени во процеси на планирање, одлучување и известување од страна на општинските власти. Од малкуте организации кои биле вклучени во вакви процеси, повеќето биле вклучени во подготовка на годишни планови, помал дел во процесот на буџетско планирање и само една организација во известувањето. Речиси сите ГО не ги користат формалните механизми за граѓанско учество во планирањето/одлучувањето во ЕЛС (јавни трибини, собири на граѓани итн). Повеќето ГО немаат искуство кое е во функција на влијание на клучните процеси на одлучување во општината.

# ПРЕДЛОЗИ



6.

Општина Шипковица, април, 2017   Фотографија: UN Women





# 6. ПРЕДЛОЗИ

## 6.1. Предлог-пристап/Стратегија за надминување на предизвиците

Предложениот пристап поаѓа од **визијата** за воспоставување транспарентна, отчетна и инклузивна локална самоуправа која нуди квалитетен живот за жените во заедницата. Во таа насока локалната самоуправа ќе нуди подобрени услуги за жените во соодветната општина. Како **долгорочна цел** што се очекува стратегијата да ја исполни е зголемено учество на жените од заедницата врз локалните процеси на одлучување. Како што е наведено погоре во документот, се очекува дека ќе бидат исполнети трите нивоа на учество, и тоа: присуство во процесите на донесување одлуки, можноста да се искажат потребите и влијание, односно позитивни резултати од учеството.

**Резултатите** кои се очекуваат да бидат постигнати и кои се засновани на клучните наоди за предизвиците се:

1. Зајакнати жени. Ова подразбира жените да бидат информирани, едуцирани, мотивирани, со зголемена самодоверба, артикулирани, односно гласни и активни/ангажирани;
2. Подобрена интеракција жени - граѓански организации - локална власт. Тоа значи воспоставена редовна двонасочна комуникација во функција на планирање, следење и оценка на услугите кои се важни за жените;
3. Зголемена поддршка за жените од самата заедница. Ова би вклучувало промоција на вредности на родова еднаквост и недискриминација, намалување на отпор за мобилизација и учество. Како методи можат да се користат кампањи и промоција на успешни приказни.

За да се остварат овие резултати треба да се јакнат и промовираат вредностите во заедницата како што се еднаквоста, емпатијата и солидарноста.

Основата на стратешкиот модел што го предлагаме има за цел воспоставување системска интервенција која ќе се заснова на партнерство и соработка меѓу жените од локалната заедница и локалните власти, при




што граѓанските организации ја имаат улогата на олеснувач т.е. фасилитатор на дијалогот.

Во моментов меѓу овие два чинители (жените и локалната самоуправа) не постои никаква комуникација. За да може оваа системска интервенција (партнерство и соработка) да се оствари, потребни се два предуслови како приоритети за дејствување на локалните организации:

1. **Воспоставување континуирана двонасочна ефективна комуникација меѓу граѓанските организации и жените (кои, секако, се нивни конституенти).**

Оваа комуникација треба да се реализира преку акции за широк теренски опфат што е во функција на информирање, зајакнување и мобилизација. Притоа ГО се оние кои треба да им пристапат на жените имајќи ги предвид претходнонаведените предизвици за учество на жените. ГО можат да развиваат активности кои се соодветни на целта и, притоа треба да се комбинираат целите на комуникацијата водејќи сметка за потребите на конкретните групи жени со кои ќе работат (млади, стари, образовани, необразовани и сл.). Ова се некои од активностите кои ГО можат да ги користат и прилагодуваат за различни теми и прашања:

- развивање и спроведување програми за граѓанско образование и лидерство за граѓанско учество;
- промоција на теренски услуги кои ги обезбедуваат ГО;

- креирање сигурни платформи за идентификација на заеднички теми;
- вопоставување женски солидарни групи;
- вклучување на жените во реализација на застапувачките активности;
- партиципативно истражување во соработка со жените;
- заедничко формулирање петиции.

Идејата е дека ГО ги информираат жените за нивните права, за можностите, за работата на ЕЛС, а со тоа ги мотивираат на акција и учество, притоа градејќи им ја самодовербата со знаење и вештини за активно учество. Ваквиот тип акции обезбедува можност за ГО да ја идентификуваат и зајакнат локалната инфраструктура на локални сојузници и поддржувачи со што се градат капцитетите на ГО. Овој аспект е клучен за да може да се оствари и вториот аспект на комуникацијата (ГО-ЕЛС) и притоа овие акции се често поврзани меѓу себе.

### 2. Воспоставување двонасочна комуникација меѓу граѓанските организации и општината.

И овде постоечката комуникација е повремена, еднонасочна и не е во функција на влијание врз процесите на одлучување. Комуникацијата помеѓу ГО и ЕЛС треба да се одвива преку пристапите на следење и застапување на граѓанските организации за потребите на жените со тоа што ГО прибираат информации за работата на ЕЛС, им даваат предлози и вршат притисок за одредени прашања од интерес на жените. Активностите кои ГО можат да ги користат се:

- континуирано прибирање информации и анализи на содржината на програми и специфични прашања од интерес на жените (за буџетот, секторски програми итн.) како и динамиката на спроведувањето на програмите;
- следење на процеси на донесување одлуки;
- учество во консултации;
- иницирање соодветни механизми за вклучување на жените;
- оценка на квалитетот на услугите;
- формулирање формални предлози, барање и организирање граѓански иницијативи.

Сите овие активности е пожелно да бидат испланирани и спроведени со локалните жени вклучувајќи го тука и споделувањето на повратни информации за напредокот на активностите за застапување.

## 6.2. Кои се чекорите за успешна теренска работа?

Постојат некои општи правила кои треба да се земат предвид при теренската работа.

**Правила за теренска посета**

| ДА | НЕ |
|---|---|
| Дајте впечаток пред лицата дека сте дошле да научите нешто | Исмејувајте ги јавно |
| Објаснете ги целите и текот на дискусијата | Давајте лажни надежи за идна помош или поддршка |
| Бидете подготвени внимателно да ги слушате, разберете и да учите од тоа што ќе го кажат | Користете комплицирани методи кои луѓето тешко ќе ги следат |
| Поставувајте прашања на крајот на разговорот/дискусијата | Организирајте дискусии набрзина |
| Детално објаснете го методот пред почетокот на процесот | Присилувајте некого на учество |
| Охрабрете ги да ви дадат јасна информација | Станувајте нетрпеливи |
| Работете со тимски дух | Поставувајте многу прашања истовремено |
| Внимателно контролирајте ги учесниците кои доминираат со дискусијата | Воведувајте многу теми наеднаш |
| Запишете ги клучните поенти од дискусијата | Давајте сигнали на членовите на тимот |
| Покажувајте почит кон луѓето | Прекинувајте ја дискусијата со чести прашања |
| Користете локален или едноставен јазик | Глумете |
| Создадете жива и пријатна атмосфера | Отстапувајте од главните точки |
| Однесувајте се природно | Зборувајте премногу и пребрзо |
| Самокритика | Користете непознати зборови и кратенки |
| Заклучете ја дискусијата со покажување благодарност | Покажувајте премногу блискост |

### 6.2.1. План за теренска акција

Чекори за изработка на вашиот план за теренска акција[8]

Изработете долгорочен план за акција пред да започнете со извршувањето на вашите активности за опфат. Еве неколку предлог-чекори:

1. **Утврдете и распределете ги потребите (за информирање, зајакнување или мобилизација) и оценете ги достапните ресурси**

Што е потребно?

- да се зголеми информираноста, знаењето на жените (за одредена тема/услуга што ја дава ЕЛС или вашата ГО итн.),
- да се зголеми опфатот/ бројот на случаи (ако ГО дава специјализирани услуги за одредени целни групи – правна помош, засолнување жени, психосоцијална поддршка, посредување со институции, итн.),
- да се утврди кои се конкретните области каде има помалку услуги или незадоволени потреби во вашата заедница (пр. економско јакнење, потреби на посебни етнички групи, подрачја од општината што се непокриени со услуги итн.)
- да се утврди со каков кадар и програмски ресурси располага ГО за спроведување на теренските активности.

2. **Утврдете ги вашите целни групи**

До кого сакате да допрете? (на пр. млади, рурални, урбани жени, жени од различни етнички заедници, самохрани мајки, жени со попреченост или жени што се грижат за лица со попреченост, даватели на услуги, и сл.). Примарниот фокус треба да биде ставен на групата до која сакате да допрете. Ова не значи дека при планирањето на овие теренски акции ќе ги исклучите другите групи како целна публика, туку преку комбиниран пристап на методи можете со своите акции да опфатите и други групи како целна публика (на пр. општата јавност).

3. **Дефинирајте ги целите**

Што би сакале да направи вашата примарна целна публика откако ја слушнала вашата порака? Ова првенствено се однесува на жените од заедницата со кои работите и на конкретните очекувања за резултатите од вашата комуникација со нив (на пр. да ги поттикне на размислување, да им смени став за одредено прашање, да ги поттикне на конкретна акција). При

8 Извор: California WIC Program: Outreach Resources, 2005

определувањето на целите важно е да се земат предвид и да се распоредат ефикасно средствата со кои располага ГО, да се види што е изводливо согласно ресурсите на ГО и да се дефинира кој ќе прави што, како, каде и до кога.

## 4. Утврдете ги теренските активности

Какви теренски методи и алатки ќе користите? Дали тие ќе бидат **еднократни, краткорочни** или **тековни** или комбинација на повеќе методи и алатки? Најмалку една од активностите што треба да се вклучат во теренскиот план треба да биде испланирана како тековна активност[9].

## 5. План за спроведување

Активирајте го вашиот план преку операционализација на конкретните активности, конкретните обврски и определете показатели преку кои ќе го следите и напредокот во реализацијата и промените што ги остварувате. Направете прилагодувања ако е потребно.

## 6. Оценете го планот

Пред да го спроведете планот утврдете како ќе го оцените. Како ќе знаете дека вашиот план е функционален? Кои основни информации ќе ги соберете пред да го спроведете планот? Кои исходи ќе ги мерите? Кои повратни информации ќе ги соберете од учесниците, потенцијалните учесници, обезбедувачите на услуги итн.? Што можете да научите за да ви помогне да бидете поуспешни во иднина?

Водете сметка дека показателите треба да покажуваат до колкав број жени сте допреле и какви промени сте предизвикале (промени во разбирањето, ставовите и сл.). Оценката е клучна за да видите дали некои од пристапите функционира или не и дали можеби се потребни поинакви методи за работа со целната група.

9 Преземено и прилагодено од “Getting Your Message Out: Types of Outreach”, California WIC Program: Outreach Resources, October 2005.

## 6.3. Методолошки пристапи за теренски опфат

Акциите кои се претставени во овој дел беа тестирани од страна на ГО вклучени во проектот и се покажаа како целисходни за опфат на жени во заедницата. Се издвоија четири типа методи кои се покажаа како најсоодветни и функционални за постоечкиот контекст во заедниците и капацитетите на ГО. Овие методи се издвоени како најуспешни во воспоставувањето ефективна двонасочна комуникација со жените и едновремено имаат потенцијал да ја остварат и втората врска, односно имаат потенцијал да обезбедат и двонасочна комуникација со општината.

Подолу се претставени типот, чекорите, целите и научените лекции за секој од методите врз основа на искуствата од нивно спроведување. Истите се структурирани во 4 типа пристапи со различни цели.

## 6.3.1. Терепски информативно-едукативни кампањи

| НАСЛОВ И ТИП НА АКЦИЈАТА: ТЕРЕНСКА ИНФОРМАТИВНО-ЕДУКАТИВНА КАМПАЊА | |
|---|---|
| ОПИС | Кампањата може да се однесува на која било конкретна тема што е од интерес на жените во одредена заедница. Кампањата може да се реализира преку следниве активности: кампања врата-на-врата, улични акции на информирање преку информативни пунктови на јавни места, информативни средби со групи жени од различни средини. Теренската кампања може да се комбинира и со активности на социјалните медиуми заради поголем опфат, особено за млади.<br><br>Чекори:<br>▪ креирање пораки, содржини и материјал (летоци, банери, постери)<br>▪ идентификување на локации (фреквентни јавни простори и домаќинства)<br>▪ идентификување соодветен период и термин на реализација,<br>▪ избор на соодветни лица од организацијата<br>▪ дистрибуција на материјали и директна комуникација со жени |
| ЦЕЛ (И) | ▪ зголемена информираност на жените за определена тема или прашање од надлежност на ЕЛС или ГО<br>▪ едукација на жените за одредено прашање |
| ПРЕДНОСТИ | ▪ остварување директна непосредна комуникација со жените од заедницата<br>▪ опфат на жени кои не се вклучени во работата на ГО<br>▪ поголема видливост на ГО во заедницата<br>▪ поголема јавна видливост на прашањето за кое се организира акцијата<br>▪ одредена тема/прашање се прави подостапно и појасно<br>▪ Не бара големи човечки и финансиски ресурси<br>▪ Можност за обезбедување поединечна повратна реакција веднаш<br>▪ Може да се реализира едновремено на повеќе локации<br>▪ Дава можност за соработка со други здруженија за промоција на прашања од заеднички интерес<br>▪ Не се вообичаени и привлекуваат внимание. |

| | |
|---|---|
| **ОГРАНИЧУВАЊА/ РИЗИЦИ** | ■ Отсуство на жени (или определена категорија жени) во јавни простори<br>■ Временски околности (лоши временски услови, несоодветен термин итн.)<br>■ Ограничен интерес за вклучување<br>■ Ограничено времетраење на спроведувањето. |
| **РЕСУРСИ** | Ресурсите варираат во зависност од контекстот и форматот и најчесто вклучуваат:<br>■ информации и еспертиза за темата,<br>■ персонал (членки на организацијата и/или волонтерки),<br>■ изработка на материјали (леток, банер, постер итн.),<br>■ трошоци за превод,<br>■ трошоци за превоз. |
| **НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ / СОВЕТИ** | ■ За теренски кампањи **к**лучен аспект е пренос на содржини на едноставен, разбирлив јазик и што е можно покреативна визуелизација на пораките и материјалите за пренос на информациите и податоците за да се привлече вниманието на минувач(к)ите.<br>■ Треба да се има предвид дека жените присутни на јавен простор брзаат и треба однапред да се осмисли најсоодветниот пристап за првичен контакт за да им се задржи вниманието.<br>■ Во позатворени (рурални) средини жените се поотворени за разговор кога се во својата (домашна) средина (за кампања врата-на-врата).<br>■ За ваков тип кампањи клучен е изборот на лицата кои ќе ја пренесуваат пораката. Во оваа смисла добро е да се вклучат лица од заедницата кои се чувствуваат слободни да комуницираат со непознати.<br>■ Активистките кои ќе одат на терен потребно е да се обучат за работа на терен, како и за основните поими за темата што се актуелизира.<br>■ Организацијата треба да следи што се случило со поднесените предлози до општината и да дава повратни информации до жените.<br>■ Многу е важно за ваквите акции да се соработува со локалните медиуми и да се обезбеди да ја пренесат информацијата. Може и да ја поддржат уличната акција со изјави, гостувања во емисии и слично. |

## 6.3.2. Партиципативно истражување

<table>
<tr><th colspan="2">НАСЛОВ И ТИП НА АКЦИЈАТА:<br>ПАРТИЦИПАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ</th></tr>
<tr><td>ОПИС</td><td>Процес на прибирање релевантни податоци преку директна комуникација и во соработка со жени во заедницата. Тие можат да се однесуваат на идентификација на потреби, ставови во однос на одредено прашање, оценка на услуги што ги обезбедува ЕЛС или ГО, планирање на активностите на ГО, формулирање предлози, идентификација на начини за соработка и вклучување на жените. Важно е да се спомене дека целта на овие истражувачки активности не е подготовка на научни студии или анализа туку преку прибирањето информации да се воспостави комуникација со жените. Една од причините за користење на ваквите активности е преку прибирањето информации да се утврдат насоките за идно дејствување на организациите. Се реализира преку фокус-групи, консултативни средби со жени во заедницата, улична анкета и врата-на-врата.<br><br>Фокус-групите обезбедуваат увид во тоа како жените размислуваат и обезбедуваат подлабоко разбирање на појавите што се проучуваат. Фокус-група е мала група од десетина жени кои ги води обучена модераторка во отворена дискусија.<br><br>Консултативни средби со жени во заедницата можат да бидат со поголем опфат на жени, но и со мали средби со групи жени во заедницата од различни категории со цел преку разговори да се идентифукува клучен горлив проблем или прашање за кое жените би се ангажирале да го решат, да се обезбеди став околу некоја одлука или план општината или да се испланира некаква акција.<br><br>Прибирањето податоци може да се одвива преку анкети кои можат да бидат улични или врата на врата.</td></tr>
<tr><td>ЦЕЛ(И)</td><td>▪ Прибирање информации од самите жени<br>▪ Создавање основа за планирање програми и активности<br>▪ Поттикнување на размислување за одредено прашање</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **ПРЕДНОСТИ** | ■ Ваквиот тип активности обезбедува планирање што не се заснова на претпоставки туку на конкретните потреби на жените.<br>■ Се зголемува можноста за социјализација на жените.<br>■ Се помага во отворање информирана дебата за потребите и проблемите меѓу самите жени;<br>■ Корисни како алатка за консултација кога има различни категории на чинители што се разликуваат по видот на влијанието, карактеристиките на групата или нивната локација.<br>■ Се идентификуваат жени со лидерски вештини – потенцијални споделувачки на знаењето кои во иднина би ја презеле улогата на водачки на женски лоби групи и групи на жени граѓански активистки.<br>■ Дискусиите на фокус-групите може да бидат подобни за особено чувствителни прашања и теми.<br>■ Дозволува различните категории на чинители да ги искажат своите ставови, вклучително и оние најмаргинализираните.<br>■ Олеснува обработка на прашања или интереси што не се нашироко познати или разбрани.<br>■ Обезбедуваат размена на идеи или тестирање можни цели и сценарија кај пресек од заинтересирани групи на чинители за да се помогне во планирањето на процесот на консултации. |
| **ОГРАНИЧУВАЊА/РИЗИЦИ** | ■ Потребна е поголема подготовка (релативно повеќе време и експертиза) бидејќи подразбираат поголема група учесници и може да има потреба од одделни консултации со различни групи на чинители на различни локации.<br>■ Со оглед на тоа дека учесничките во вакви активности не се, статистички гледано, претставници на населението, нивните ставови и изјави не можат да се генерализираат како изјави на пошироката заедница/население<br>■ Некои членови на групата може да доминираат во дискутираните прашања – употребата на обучена олеснувачка е важна за да се осигура дека секој има можност да зборува.<br>■ За да се добијат релевантни податоци потребно е да се води сметка за односите на моќ помеѓу самите жени и содветно да се групираат.<br>■ Недостиг на соодветен (сигурен) простор во некои средини што влијае на учеството.<br>■ Неучество на жените поради обврските во семејството и работата. |

| | |
|---|---|
| **ТРОШОЦИ** | ▪ Фацилитаторка/Предавачка;<br>▪ Изготвување материјали;<br>▪ Трошоци за освежување за учесниците на настанот;<br>▪ Трошок за користење простор;<br>▪ Трошоци за комуникација за организирање и покани до учесници (интернет, телефон) |
| **РЕСУРСИ** | Ресурсите варираат во зависност од контекстот и форматот и најчесто вклучуваат:<br>▪ Време за подготовка, односно добар план и инструменти за спроведување на овие активности<br>▪ Информации и еспертиза за темата<br>▪ Персонал (членки на организацијата и/или волонтерки)<br>▪ Услуги за превод;<br>▪ Трошоци за превоз<br>▪ Опрема и простор<br>▪ Освежување (чај/кафе, закуска)<br>▪ Администрација, пошта, материјали<br>▪ Превоз на учесници<br>▪ Канцелариски материјал. |
| **НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ / СОВЕТИ** | ▪ Треба да се внимава на (разнородната) структура на фокус-групите. За да бидат целисходни треба да се вклучуваат жени со кои организациите немаат вообичаено комуникација.<br>▪ Треба да се создаде сигурен простор за различни структури на жени. Во некои средини каде што културната норма налага младите да молчат пред повозрасните треба да се организираат посебни групни дискусии за млади и за возрасни и да бидат водени од лица со кои тие можат да се идентификуваат.<br>▪ За урбаните средини пожелно е да се мешаат учесниците.<br>▪ Фокус-групите пожелно е да се структурираат околу внимателно предодредени прашања – најчесто не повеќе од 10 – но дозволете дискусијата да тече. Идеално гледано, коментарите на учесниците ќе го стимулираат и ќе влијаат врз размислувањето и споделувањето на другите. Некои луѓе дури и ги менуваат нивните размислувања и мислења во текот на групата.<br>▪ Треба да се се користи искусна фацилитаторка кој е обучена, неутрална и добро ја познава темата. Таа треба да поставува прашања и да бара информации без да биде пристрасна во барањето одговори, да се справува со можните конфликтни дискусии во групата и да ги спречи учесничките да доминираат или да ја пренасочуваат дискусијата, како и да покренуваат неважни прашања.<br>▪ Треба да се управува со очекувањата на чинителите и јасно да се објасни што може а што не може да се постигне преку консултации/дискусии во група. |

### 6.3.3. Градење мрежи за поддршка

<table>
<tr><th colspan="2">НАСЛОВ И ТИП НА АКЦИЈАТА:<br>ГРАДЕЊЕ МРЕЖИ ЗА ПОДДРШКА</th></tr>
<tr><td>ОПИС</td><td>Градењето мрежи за поддршка е подолгорочен процес што вклучува неколку последователни чекори. Овој пристап е особено релевантен за организации кои веќе имаат воспоставено контакти (претходна соработка) со поединечни жени во руралните или урбаните средини и/или со жени кои имаат претходно искуство со општествен ангажман.<br><br>Овој пристап подразбира процес на континуирано и систематско зајакнување и вклучување на овие жени кои понатаму ќе ја преземат улогата на организацијата во зајакнувањето и формирањето јадра на групи жени, односно воспоставување поширока инфраструктура на локални поддржувачки. Во основа, стратегијата се состои од тоа да се започне со помалку, да се искористи постоечкиот потенцијал и преку континуирано зајакнување да се овозможи прелевање на стекнатите знаења и вештини на што е можно поголема група жени.<br><br>За оние организаци кои немаат ваква структура чекорите се:<br><br>1. Идентификување на потенцијални лица за контакт во заедницата со кои ќе работат на нивно зајакнување и лидерство.<br>2. Формирање тимови во урбаните и руралните средини од по три жени кои самите ќе си определат лидерка на тимот. На овој начин се воспоставува темелот на жени промоторки за понатамошно дејствување, т.е подобрување на пристапот до женските групи и нивно мотивирање за истакнување на повеќе видови проблеми и потреби што ги засегаат во средините каде што живеат.<br>3. Зајакнување на тимовите врз основа на проценка на потреби за учење и стекнување вештини вклучувајќи го и аспектот на зајакнување на лидерските способности. За жените во руралните средини е важно оваа едукација да биде теренска, односно да се одвива во нивното место на живеење. Овој процес треба да се одвива низ едукативни интерактивни работилници, менторство или вклучување во активности на ГО.<br>4. Проширување на тимовите со вклучување на други жени од заедницата и пренос на стекнатите знаења и вештини, преку консултативни состаноци, фокус-групи и сл. Идеално, но не нужно би било овие групи да бидат сродни според карактеристиките, интересот, социоекономскиот статус, локацијата на живеење, возраст, како клучни предуслови за меѓусебно поврзување и заедничко дејствување со цел информирање и едукација, застапување и мобилизација.<br>5. Спроведување заеднички активности со тимовите. Во целиот овој процес улогата на ГО е да обезбедува поддршка и да има партнерски пристап.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **ЦЕЛ(И)** | ■ Зголемена база на конституенти на ГО<br>■ Зајакнати капацитети на жените за мобилизација во функција на застапување кај ЕЛС<br>■ Зајакнат легитимитет и капацитет на ГО да ги претставува жените од заедницата |
| **ПРЕДНОСТИ** | ■ Овој пристап обезбедува одржливи капацитети кај локалната заедница жени за самостојно дејствување.<br>■ Овозможува градење доверба меѓу ГО и жените. Веројатноста за успешност на застапувачките акции се зголемува.<br>■ Го зголемува потенцијалот за активно учество. |
| **ОГРАНИЧУВАЊА/ РИЗИЦИ** | Бара дологорчна посветеност и капацитет на ГО. Ова значи дека организацијата треба прво самата да ги зајакне знаењата и вештините за ваков вид работа за да обезбеди поддршка на локалните жени. ГО треба да има доволно човечки и финансиски ресури за да обезбедува континуирана поддршка поради ризикот да се изгуби меѓусебната доверба на жените кон организацијата, во случај ако престане поддршката. Овој пристап треба да се вклучи во годишните планови на организациите бидејќи не е еднократна проектна активност туку повеќегодишна стратегија. |
| **РЕСУРСИ** | Ресурсите варираат во зависност од контекстот и форматот и најчесто вклучуваат:<br>■ Време за подготовка, односно добар план и инструменти за спроведување на овие активности<br>■ Знаење и вештини за пренос на знаење од персоналот<br>■ Персонал (членки на организацијата и/или волонтерки)<br>■ Трошоци за обука (простор, опрема, материјали, превод)<br>■ Трошоци за превоз<br>■ трошоци за активностите на жените<br>■ Администрација, пошта, материјали<br>■ Трошоци за комуникација<br>■ Канцелариски материјал. |
| **НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ / СОВЕТИ** | ■ За реализација на ваков тип акции клучно е да се слушаат жените и да не се наметнуваат интересите на ГО.<br>■ Кога жените препознаваат дека организацијата работи во нивна корист, а не обратно, тогаш акциите се поуспешни.<br>■ Со ваков пристап се гради чувството на заедништво. |

## 6.3.4. Мобилизација за застапување

| НАСЛОВ И ТИП НА АКЦИЈАТА: МОБИЛИЗАЦИЈА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ | |
|---|---|
| ОПИС | Ваквиот пристап се користи кога веќе е идентификуван некој горлив проблем кој засега поголема група жени во заедницата и се фокусира на мотивација, обезбедување поддршка и/или заеднички настап пред локалните власти. Овде локалните организации имаат клучна улога во организирање на застапувачките акции. Најпрвин ГО мора да соберат доволно податоци и да направат анализа на проблемот и да ги лоцираат надлежните структури во општината кои треба да го решат проблемот. Исто така, треба да формираат група за поддршка на иницијативата составена од жени најдиректно засегнати со проблемот. Третиот чекор е да формулираат петиција со барања и да обезбедат поддршка преку потпишување на петицијата. Тоа може да го направат неформално врата-на-врата, улични акции за прибирање потписи или да го користат формалниот механизам за граѓанска иницијатива.<br><br>Заедничко доставување на барањето до ЕЛС, средби со претставници на ЕЛС и/или лобирање советници. |
| ЦЕЛ(И) | ■ Поттикнување на граѓанска одговорноста кај жените<br>■ Поголеми знаења за процесите на донесување одлуки во општината<br>■ Стекнување искуство за застапување |
| ПРЕДНОСТИ | ■ Актуелизација и потенцијал за решавање на проблемот<br>■ Поголема видливост за проблемот<br>■ Поголем потенцијал за потттикнување одговорност кај ЕЛС<br>■ Корисни искуства за натамошно планирање идни застапувачки акции |
| ОГРАНИЧУВАЊА/ РИЗИЦИ | ■ Бара одлично познавање на надлежностите, процедурите, овластувањата и одговорностите и тековните механизми и практики за граѓанско учество во самата ЕЛС. На пример, во Скопје постои поделба на надлежностите помеѓу градот и општините и оттука важно е да се лоцира одговорноста за решавање на конкретниот проблем.<br>■ Бара повеќе теренска работа и комуникација со поголем број жени и детална елаборација на аргументите и очекуваниот исход за да се обезбеди поддршката.<br>■ Можност за политичко етикетирање, особено во помалите средини, што може да влијае на степенот на поддршка од страна на жените.<br>■ Можност вклучените жени да се повлечат во некој момент. |

| | |
|---|---|
| **РЕСУРСИ** | Ресурсите варираат во зависност од контекстот и форматот и најчесто вклучуваат:<br>■ Време за подготовка, односно добар план и инструменти за спроведување на овие активности<br>■ информации и анализи заради аргументација<br>■ Персонал (членки на организацијата и/или волонтерки)<br>■ Трошоци за работата на иницијативната група<br>■ Трошоци за превоз<br>■ Администрација, пошта, материјали<br>■ Трошоци за комуникација<br>■ Канцелариски материјал. |
| **НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ / СОВЕТИ** | ■ Овде е многу важна медиумската поддршка (и од традиционални и од социјални медиуми). По можност, добро е да се обезбеди соработка со новинари кои го покриваат прашањето со цел да се обезбеди нивна поддршка за поголема видливост на прашањето.<br>■ При артикулирањето на барањата што се доставуваат до ЕЛС, пожелно е да се понудат и насоки за можните решенија. Затоа добро е да се консултираат експерти кои ќе обезбедат поддршка на групата иницијатори.<br>■ Суштински е важно да се даваат континуирани информации за текот на акцијата и повратна информација за исходот. |

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА



7.



Петиција организирана од НВО Граѓанската иницијатива на жени на Свети Николе, преку која се бара воведување на субвенциониран јавен превоз од/до селата блиску до Свети Николе, претставувајќи ги потребите на жените од руралната средина за зголемена мобилност.

Настанот беше дел од локалните родово-сензитивни буџетски акции, организирани од Консалтинг за стратешки развој и Акција Здруженска и локалните партнерски невладини организации во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија", финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Општина Свети Николе, април, 2017

Фотографија: UN Women

# 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. “Getting Your Message Out: Types of Outreach”. (2005). California WIC Program: Outreach Resources.

2. Gramberger, M. (2001). Citizens As Partners: OECD Handbook on Information, Consultation and Public Participation in Policy-Making, OECD.

3. Memeti, M. and Haxhijaha Imeri, A. „Mapping Study of Participatory Processes at Local Level From a Gender Perspective“.

4. Габер-Дамјановска, Н. (2008). „Учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и закони во Република Македонија“, European Center for №t-for-Profit Law (ECNL), Скопје;

5. Закон за локалната самоуправа.(2002). Министерство за локална самоуправа. Службен весник на Република Македонија бр.5/02. Достапно на: <http://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_lokalnata_samouprava.pdf>

6. Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните. (2005). Службен весник бр. 81/05. Достапно на: < http://www.slvesnik.com.mk/Issues/2D329626612056438720З8D09BA69B54.pdf>

7. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. (2006). Службен весник бр. 13/06. Достапно на: < http://www.slvesnik.com.mk/content/pdf/ZSPIJK-Precisten.pdf>

8. Закон на буџетите (пречистен текст).(2012). Министерство за финансии на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12. Достапно на: <http://www.finance.gov.mk/files/u6/________________ ________________5.pdf>

9. Коруноска, Н. и други. (2015). „Жените во политиката – патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија“, Реактор;

10. Писарев, А. (2016). „Како да се подобри работата на месната самоуправа во Македонија“, Форум - Центар за стратегиски истражувања и документација;

11.

12. Ристеска, М. и други. (2016). „Модели за учество на жените во процесот на донесување одлуки на локално ниво" (Прирачник со ресурсни материјали: протоколи и листи за проверка), ЦРПМ;

13. Смилевски, Ц. и други. (2012). „Локална и транспарентна самоуправа", АДИ, СкопјеУстав на Република Македонија: со амандманите на Устaвот I-XXXII. (2011). Службен весник. Достапно на: < http://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf>

14. Форуми во заедницата – Community Forums Program, www.forumivozaednicata.com.mk (пристапено 30 јуни, 2017)

15. Хаџи-Василева, К. (2016). „Анализа на постоечките практики за користење на механизмите за консултација со граѓаните во развивање јавни политки на локално ниво и нивната ефикасност", ФРЛЗ;

# АНЕКСИ



8.

Општина Свети Николе, април, 2017 Фотографија: UN Women





# 8. АНЕКСИ

## 8.1. Образец за план за теренска акција (Дел 1)

| | |
|---|---|
| **1. Потреби и достапни ресурси** | |
| **2. Целни групи** | |
| **3. Цели** | |
| **4. Теренски активности** | |
| **5. Кадар** | |
| **6. Оценка** | |

## 8.2. Образец за план за теренска акција (Дел 2)

**Цел:**

| Кој | Што и како | Каде | До кога | Оценка |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |